ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-193/5**
**11.09.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Повторена јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2, општина Гевгелија**

Границите на планскиот опфат се:

- на **север** границата се движи по северните граници на катастарските парцели КП6353/1, КП6350, КП6351, КП6352/2, КП6318, продолжува по постојната улица на КП6552,
- на **исток** продолжува по постојната улица на КП 6591,
- на **југ** се движи по осовината на улицата „Моински пат"
- на **запад** по осовините на улица „Новопланирана 1"

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **12,47 ха**.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 19.09.2023 година (вторник) со почеток во 11.00 часот.**

Деталниот урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2 - општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ке трае 5 работни дена и тоа од 19.09.2023г. до 25.09.2023г., секој работен ден од 08 до 16 часот.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги

доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку електронскиот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***